**АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

КАТАСТАР

# ШЕСТМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ-ЈУНИ 2013 ГОДИНА

**Скопје, јули 2013**

# ВОВЕД

Согласно со член 15, став (2) од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" бр.55/13), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности (во натамошниот текст АКН) е должен на секои шест месеци да доставува извештај за работата на АКН до Владата на Република Македонија. Извештајот содржи податоци за видот и обемот на работите од надлежност на АКН во периодот од 01.01.2013 до 30.06.2013 година.

Во извештајот, работите од надлежност на АКН се групирани според видот во следните точки:

- *Тековни активности;*
- *Работа на Управниот одбор;*
- *Јавни набавки;*
- *Приходи и расходи.*

# I ТЕКОВНИ АКТИВНОСТИ

Во изминатиов период АКН спроведе низа реформски активности во насока на ефикасно функционирање, по примерот на европските агенции за катастар.

Севкупните реформски активности се со крајна цел:

Подобрување на администрирањето и управувањето со земјиштето и недвижностите во насока на поголема корисничка ориентираност како ефективна и ефикасна организација, поддржувајќи го социоекономскиот развој на Република Македонија.

## I.1 Востановување катастар на недвижности

Во следниот графикон е прикажана динамиката на востановувањето на КН. Во декември 2012 година, процентот за востановен КН на ниво на Република Македонија изнесува 100%.




## I.1.1 Одржување катастар на земјиште и катастар на недвижности

Одржувањето се врши во 29 подрачни одделенија и во Центарот за КН - Скопје, на вкупно 1.698 катастарски општини. На крајот на месец јуни 2013 година, бројот на нерешени предмети изнесуваше 1.951 предмети.

Во следниот графикон е дадена динамиката на бројот на нерешени предмети по месеци.



Вкупниот број на примени предмети во 2005 година изнесуваше 323.695, во 2006 - 337.040 нови предмети, во 2007 - 389.447, во 2008 - 636.798, во 2009 - 651.432, во 2010 - 838.408, во 2011 - 1.160.894, во 2012 година - 1.027.282 предмети, а во првото полугодие од 2013 година – 535.598 предмети.

Во следниот дијаграм е прикажана динамиката на зголемување на бројот на предметите во последните години.




Во периодот од 01.01.2013 до 30.06.2013 година, во Центарот за КН - Скопје и во 29 подрачни одделенија за КН се примени вкупно 535.598 нови предмети, и тоа:

- 29 подрачни одделенија за КН 366.098;
- ЦКН - Скопје 169.509.

Во следниот дијаграм е прикажан бројот на примени предмети по месеци.



## I.2 Нови услуги за граѓаните и за приватните геодетски фирми

АКН во процесот на институционално зајакнување започна со воведување на нов систем за регистрација (е-катастар).

На 01.06.2010 година, системот е-катастар стана оперативен во ЦКН - Скопје.

До средината на 2012 година, системот е-катастар стана оперативен на целата територија на Република Македонија.

Со имплементацијата на е-катастар, АКН промовира нов систем за увид во статусот на сите поднесени барања со цел зголемување на транспарентноста кон граѓаните. Со ова, подносителите на барањата за упис во катастарот добиваат можност од своите домови и канцеларии да проверат дали е решен нивниот предмет.

## I.3 Нова можност за издавање имотни листови

Со воведувањето на електронскиот катастар, Агенцијата за катастар на недвижности отвори нова можност со која граѓаните кои побаруваат имотни листови можат да побараат и да добијат имотен лист за недвижност која се наоѓа во друг град.

Меѓу Центарот за катастар на недвижности – Скопје и останатите катастарски одделенија кои се вклучени во системот на електронскиот катастар е овозможен меѓусебен пристап до податоците за имотните листови што им овозможува на граѓаните од Скопје да побараат и да добијат имотен лист на шалтерот во скопскиот Катастар за имот кој се наоѓа во Неготино, Кавадарци, Кратово, Крива Паланка, Пробиштип, Свети Николе, Куманово, Ресен, Струга, Дебар, Кичево, Битола, Валандово, Гевгелија, Прилеп, Струмица, Радовиш, Охрид, Крушево, Македонски Брод, Демир Хисар, Кочани, Виница, Гостивар, Берово, Делчево, Штип, Велес, Тетово и обратно. На овој начин, со можноста во својот град да извадат имотен лист од друга општина, граѓаните не се изложуваат на дополнителни трошоци за патување до градот каде што имаат имот за да добијат имотен лист.

## I.4 Нова можност за издавање имотни листови кај професионалните корисници и општините

### Е-шалтер

Е-шалтер овозможува лесна, брза, сигурна и ефикасна достава на пријави и барања по електронски пат за спроведување на промени во ГКИС и издавање на податоци од ГКИС. Моментално во системот се приклучени 98 корисници, од кои 32 нотари , 50 приватни геодетски фирми, 8 извршители, 5 банки, 1 општина и 2 министерства.

### Е-кат шалтер

Со пуштањето во употреба на системот на Е-кат шалтерот, АКН врши дистрибуција и издавање на податои од ГКИС преку други државни органи, јавни служби

и други правни лица (општините, приватните геодетски фирми, нотарите, извршителите и други). Заклучно на крајот од првиот квартал за 2013 година на системот на АКН приклучени се 140 корисници, од кои 79 нотари, 41 приватни геодетски фирми, 7 извршители , 11 општини и 2 органи на државната управа при Министерството за финансии.

Со оваие услуги, Агенцијата за катастар на недвижности од сегашните 30 локации на кои граѓаните може да добијат Имотни листови, го зголемува значително бројот на локации на кои може да се извади Имотен лист.

## I.5 Национална инфраструктура на просторни податоци (НИПП)

**Активностите за остварување на овој приоритет во 2013 се дадени во следнава табела:**

| Р.Б. | Активност | Временска рамка | |
|---|---|---|---|
| | | Почеток (месец/година) | Крај (месец/година) |
| 1 | Дефинирање, преведување на македонски јазик и тестирање на функционалноста на метадата едиторот согласно стандардите ИСО 19115 и 19139 и ИНСПИРЕ директивата | Јануари 2013 | Март 2013 |
| 2 | Набавка на Хардвер и опрема за комуникација за НИПП-гео портал | Јануари 2013 | Март 2013 |
| 3 | Поставување на метадата едиторот на веб страницата на АКН во делот НИПП и овозможување на негово користење од страна на најмалу две институции | Март 2013 | Јуни 2013 |
| 4 | Одржување на ИНСПИРЕ форум и организирање национална НИПП работилница | Април 2013 | Април 2013 |
| 5 | Креирање на 100 мета податоци | Март 2013 | Декември 2013 |
| 6 | Креирање на метадата каталог и овозможување на услугата за пребарување на метаподатоци (CSW-сервис) | Септември 2013 | Декември 2013 |

Во периодот од јануари 2013 до јуни 2013 во Агенцијата за катастар на недвижнсти се одвиваа активности поврзани со развојот на Националната инфраструктура на просторни податоци (НИПП) наведени во Годишната програма за работа во 2013 година и се постигнаа следните резултати:

1. Изворниот едитор за метаподатоци во форма на отворен код Geonetwork е преведен на македонски јазик, со што е создадена можност за керирање на метаподатоци на македонски јазик со кирилична поддршка за геопросторните податоци кои се во надлежност на Агенцијата. Метадата едиторот ги подржува ИСО стандардите 19115 и 19139 за креирање на метаподатоци и истиот е во согласност со Европската директива (2007/2/ЕС). Едиторот е веб ориентирана алатка, а во тек е тестирањето на неговата

фуккционалност. Продукцијата на метаподатоци, согласно порограмата ќе отпочне во третиот квартал од оваа година.

2.Активностите кои се однесуваат на набавката на хардвер, софтвер и опрема за комуникација за НИПП директно се поврзани со подготовката на техничката спецификација за развој на софтверското решение за национален (НИПП) Геопортал од страна на надворешен консултант, па истите ќе се реализираат паралелно со имплементацијата на националниот Геопортал. Во тековните НИПП активности се кроистат постојниот хардвер и софтвер со кои располага Агенцијата.

3.Метадата едиторот е поставен преку веб решение на Агенцијата. Одржан е состанок и извршена е презентација за користење на метадата едиторот на претставниците од следните институции: Министерство за животна средина и просторно планирање, Агенција за просторно планирање, Центар за управување со кризи и Град Скопје. На секоја од наведените институции и е доделено корисничко име и лозинка за пристапување и користење на едиторот, со што е практично овозможено институциите да креираат мета подтаоци за нивните геопросторни подтатци.

4. Во насока на промовирање на INSPIRE директивата, Агенцијата за катастар на недвижности и Министерството за животна средина и просторно планирање на 18 март 2013 година, со поддршка од TAIEX програмата, одржаа работилница на тема "Примена на INSPIRE директивата во Европските земји". На работилницата учествуво земаа 50 учесници, како претставници од повеќе Министерства, Владини Агенции и Градот Скопје.
Со поддршка на проктот INSPIRATION, во Скопје на 22 и 23 април 2013 се одржа национална работилница на која присуствуваа 40 претставници од неколку од министерствата, агенциите, Градот Скопје, академската јавност и приватниот сектор. Дводневната работилница беше организирана во шест работни сесии, и имаше за цел да се прикажат резултатите од постигнатиот напредок на Република Македонија во делот на воспоставувањето на Националната инфраструктура на просторни податоци (НИПП) преку организирање јавна дебата по однос на предлог-законот за НИПП, како и запознавање со меѓународното искуство за одделни теми значајни за имплементацијата на директивата ИНСПИРЕ, како што се иницијативата на отворени податоци, директивата за информации од јавниот сектор итн.
На 24 април 2013 година во Скопје беше одржан Регионалниот форум INSPIRATION 2013, на кој учествуваа преку 100 учесници, пред сѐ делегации на земјите-членки на проектот INSPIRE, и тоа: Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Република Македонија, Црна Гора, Србија, Косово и Република Српска предводени од директорите на катастрите, како и претставници од повеќе министерства и владини агенции на Р. Македонија.

Активностите наведени под редените бреви 5 и 6 се уште не се отпочнати. Истите се планирани за втората половина од 2013 година.

Во контекст на НИПП активностите, значајно е е да се напомене дека Агенцијата за катастар на недвижности (АКН) и Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП), аплицираа за „Натпреварот на идеи“ и изработка на mush-up пилот апликација „Да ја заштитиме животната средина“. На Регионалната конференција која се одржа на 5 март 2013 година во Драч, Република Албанија, во конкуренција на десет идеи од седум земји во регионот оваа идеја беше прво наградена. Имплементацијата на идејата резултираше со апликацијата која овозможува поврзување и заедничко прикажување на податоците од МЖСПП и АКН преку порталот на АКН, и тоа на податоци за: животната средина, степенот на загаденост на воздухот, нивната просторна локација, начинот на користење на земјиштето, хидрографската мрежа и други податоци, во насока на зголемување на информираноста.

Во рамки на проектот ИНСПИРЕ кој се спроведува во земјите од западен балкан, имаше натпревар на идеи за поддршка на проект кој ќе допринесе за подигање на јавната свест за развојот и употребливоста на геопросторните податоци. Сите земји аплицираа со свои проекти на натпреварот на идеи. Агенцијата за катастар на недвижности во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање учествуваше со свој проект со наслов „Да ја заштитиме животната средина” и ја доби првата награда – поддршка за изработка на проектот. Проектот ги обединува просторните податоци од АКН и податоците за загаденоста во Скопје од МЖСПП. Во тек е изработка на апликација која ќе ја визуелизира загаденоста на по тип на загадувач, коефициент на загаденост во рамки на територијата на градот Скопје.

## I.6 Надградба на геодетската референтна инфраструктура

АКН во периодот јануари-јуни 2013 година продолжи со реализација на активностите во насока на подобрување и осовременување на македонската националната геодетска референтна инфраструктура.

Во горенаведениот период интензивно се одвиваа активности на реализација на новата нивелманска мрежа на Република Македонија. Од практични причини реализацијата на нивелманската мрежа територијално е поделена на четири приближно еднакви делови. Мрежата предвидено е да се состои од околу 1100 нивелмански точки (репери) поврзани во нивелмански линии и полигони, со вкупна должина од околу 2200 километри.

Во периодот јануари-јуни 2013 година стабилизирани се вкупно 600 репери и извршени се нивелмански мерења на нивелмански линии во вкупна должина од 1025 километри. Со тоа вкупниот број на стабилизирани репери досега изнесува 908, а должината на нивелманските линиите на кои се извршени нивелмански мерења изнесува 1175 километри.

Активностите за воспоставување и одредување на новата нивелманска мрежа ќе продолжат да се одвиват во континуитет до крајот на 2013 година на целата територија на Република Македонија.

Во месец јуни 2013 година завршена е и постапката за избор на најповолен понудувач кој што ќе работи на реализација на проектот за воспоставување и

одредување на Основната гравиметриска мрежа на територијата на Република Македонија. Самата реализација планирано е да трае до крајот на месец ноември 2013 година.

Паралелно со одвивањето на горенаведените активности АКН продолжи и со спроведување на стручните обуки наменети за своите вработени, поврзани со користење на модерните технологии за сателитско позиционирање и МАКПОС системот. Со тоа во континуитет се јакнат капацитетите на агенцијата за вршење контрола на квалитетот на работењето на приватните геодетски фирми и за извршување геодетски работи за посебни намени од интерес за Република Македонија.

Во периодот јануари-јуни 2013 година извршена е обука на 24 стручни лица од АКН, ЦКН Скопје и подрачните одделенија за катастар на недвижности.

## I.7 Геодетски работи за посебни намени од значење за Р. Македонија

Во периодот јануари-јуни 2013 година, по задолжение од Владата на Република Македонија, АКН изготви ажурирани геодетски подлоги за:

- туристичка развојна зона во општина Охрид, КО Љубаништа
- технолошко-индустриска развојна зона во општина Берово (проширен опфат)
- автокамп Градиште (проширен опфат)
- технолошко-индустриска развојна зона во општина Делчево (проширен опфат)
- плански опфат за урбанистички план за вон населено место за КО Кисела Вода 1
- изготвување на Геодетски елаборат за посебни намени-нумерички податоци за 420 градежни парцели за КО кои се во надлежност на 29-те подрачни одделенија на Агенцијата за катастар на недвижности.

Во истиот период, работната група од АКН задолжена за средување на катастарските податоци за недвижностите долж државната граница помеѓу Република Македонија и Република Србија, во координација со Мешовитата комисија за демаркација и обележување на предметната државна граница, и понатаму интензивно работеше на средување на катастарската документација и изготвување на соодветни геодетски елаборати за припис и отпис на површини во катастарските општини во кои се протега државната граница. Во средината на месец јуни 2013 година отпочнати се и активности за вршење на премер на државната граница помеѓу Република Македонија и Република Бугарија.

Заради обемот и комплексноста на работите, активностите на оваа проблематика ќе продолжат да се одвиваат во текот на целата 2013 година.

## I.8 Изработка на дигитални топографски карти

Со кадар обучен од страна на јапонски експерти, кон крајот на 2012 година, АКН отпочна самостојно да изработува дигитални топографски карти во размер 1:50000. Заклучно со месец јуни 2013 година изработени се 15 листови од картите во овој размер,

од вкупно 61 лист колку што ја покриваат целата територија на Република Македонија. Паралелно со овие активности, во континуитет се работи на контрола и усогласување на податоците од топографските карти во размер 1:25000, на картите изработени самостојно од АКН со оние изработени во рамките на JICA картографскиот проект.

### I.9 АКН-ГИС портал со 2Д и 3Д функционалности

Во тек се активноси во делот за надградба и одржување на АКН – ГИС порталот. АКН – ГИС порталот ќе биде надграден со дополнителна функционалност кој ќе овозможи граѓаните да имаат увид во податоците за катастарските парцели на дигиталните катастарски планови добиени од проектот Дигитализација.

За сите корисници на смарт телефони со интернет, Агенцијата за катастар на недвижности изработи бесплатна и-Кат апликација која користи податоци од АКН-ГИС портал. Предноста на оваа апликација е што истата дава точна информација за локацијата на корисникот. Апликацијата дава можност за увид во податоците од катастарот на недвижности, односно графички приказ на секоја локација, како и информации од имотниот лист за секоја катастарска парцела, нејзиниот број, површина, како и право на сопственост. Може да се симне од веб страницата http://i-kat.katastar.gov.mk. Истата наскоро ќе биде достапна и на Google Play.

### I.10 Дигитализација на катастарските планови

Во овој момент, АКН врши одржување на 13.053 листови од катастарски планови од кои сите се во национална проекција и координатна мрежа и се поделени според размер, и тоа: 257 (2%) во 1:500; 2.332 (18%) во 1:1000; 9.634 (74%) во 1:2500; и 830 (6%) во 1:5000. За секој лист од катастарски план постои архивски оригинал (АО) на стабилна основа во добра форма или квалитет, кои се изработени во систематски катастарски премери во различни периоди почнувајќи од 1927 година, како и работни оригинали (РО) на различни видови на основи (хартија, стабилна основа, картони покриени со цинк/алуминиум). Секојдневното користење и манипулација на РО резултирале во сериозно оштетување на огромен број од нив (околу 2650). Кај некои од работните оригинали недостасуваат податоци.

Сите архивски оригинали се скенирани и гео-референцирани. За околу 30% од територијата, ДКП се изработени како резултат на реамбулацијата при воспоставувањето на КН или АО се векторизирани, а ДКП се доставени до подрачните одделенија заради ажурирање и редовно одржување. Сепак, во само 18-20% од територијата овие ДКП се ажурираат и одржуваат дигитално, додека преостанатите 10% - 12% каде ДКП се достапни, катастарските планови сеуште се одржуваат мануелно на аналогни РО.

Постапката на скенирање и геореференцирање на РО кои се нелепени на поцинкувани плочи или се во хартиена форма (хамер, паус, филм) и се многу оштетени и нивното скенирање на ротационите скенери кои ги поседува АКН беше невозможно, преку надворешен изведувач, е завршено и тоа за приближно 3000 РО. Останатите РО на

катастарски планови се скенираат и геореференцираат сукцесивно со сопствени капацитети во просториите на АКН, согласно утврдената динамика на постапката на ажурирање на ДКП изработени врз основа на векторизација на АО во подрачните одделенија за катастар на недвижности во РМ.

Вториот чекор во изработката на ДКП вклучува масовна векторизација на АО (прва фаза), за кои техничките услуги ги вршеше изведувач, врз основа на претходно објавен тендер. Во изминатиот период успешно се завршени 8 договори за векторизација на АО и тоа за вкупно 1194 КО. Со овие договори завршува фазата на векторизација на сите аналогни катастарски планови за оние катастарски општини кои се во хартиена форма.

Целата територија на РМ е покриена со аналогни катастарски планови во вектор формат.

Контролата на квалитетот од извршената векторизација извршена е од страна на стручни лица од АКН, како и 6 стручни лица ангажирани преку проектот на Светска Банка.

Внесувањето на промените од РО (втора фаза) на веќе изготвените ДКП добиени врз основа на векторизирање на АО на катастарските планови го вршат стручни лица во подрачните одделенија за катастар на недвижности во РМ, како и 120 стручни лица ангажирани преку проектот на Светска Банка.

Согласно динамиката за реализација на активностите предвидено е проектот дигитализација да заврши во декември 2014 година. Досега, согласно претходно усвоен акционен план, завршени се вкупно 221 КО на територија на Република Македонија од вкупно 1491 КО.

## I.11 Систем за Контрола на Квалитет и Потврда на Квалитет

Воспоставен е систем за Контрола на Квалитетот и Потврда на Квалитетот на графичките и алфанумеричките податоци на катастарските планови во процесот на Дигитализацијата, со вклучена миграција на ДКП во системот еКат. Преку овој систем на Контрола на Квалитетот и Потврда на Квалитетот ќе се осигура добивање на највисок степен на квалитет на податоците добиени во проектот Дигитализација и ќе се овозможи интеграција на графичката база на податоци на ДКП (МакЕдит база) со алфанумеричката база на податоци (е-Кат база) во една единствена централизирана база на податоци.

## I.12 Надградба на е-Кат со модул за графика

Е-Кат системот е надграден со нов модул за графички приказ на недвижности (катастарските парцели и објекти). Модулот графика во е-Кат ќе овозможи побрзо, поефикасно и поквалитетно одржување на катастарските податоци како и побрза и поефикасна електронска размена на податоци со професионалните корисници на АКН, а особено приватните геодетски фирми.

За да се овозможи оваа надградба, направена е миграција на хардверската и софтверската платформа на целиот еКат систем на платформа која е најмена како сервис од Македонски телеком (Platform as a Service – PaaS). Направени се потребните надградба на тековната верзија на екат софтверот, надградена е верзијата на базата на податоци, како и верзијата на апликациските сервери за да ситемот биде во можност да ги прфати дигиталните графички податоци од катастарските планови.

Во тек се интензивни тесирања на еКат системот на новата платформа со прошиените функционалности поврзани со дигиталните графички податоци за катастарските планови.

## I.13 МакЕдит софтвер

Во Агенцијата за катастар на недвижности е пуштен во продукција софтвер наменет за ажурирање и одржување на дигиталните катастарски планови.

Софтверот е наречен МакЕдит и е ГИС базиран систем кој ќе овозможи ажурирање и одржување на дигиталните катастарски планови, проектот за дигитализација ќе се одвива побрзо и поефикасно, а графичките податоци на катастарските планови со овој систем ќе бидат сместени во единствена база и со висок квалитет.

Системот МакЕдит е наменет и за приватните геодетски фирми во функција на креирање дигитални геодетски елаборати, со што ќе биде постигната хомогенизација и унифицираност на податоците во одржувањето на катастарот на недвижности. Овој систем овозможува издавање копија од катастарски план директно на шалтер.

Во изминатиот период направена е надградба на системот во делот на издавање на статистики како и подобрување на други функциалностите на системот. Се предвидува имплементација на системот во сите подрачни одделенија на територијата на Република Македонија.

Направена е обука за Македит на вработените од подрачните одделенија, и на овластените геодети. Предвидени се работилници за Македит системот на кои приватните геодетски фирми ке изработуваат дигитални геодетски елаборат со овој сиситем за реални предмети.

## I. 14 Инфраструктурни градби во Република Македонија

Имајќи ја предвид Програмата на Владата за периодот 2011-2015 година, со која е предвидено донесување Закон за подземен катастар со кој ќе се овозможи евидентирање и запишување на правото на сопственост на сите подземни инфраструктурни водови.

Имено, согласно со наведената програма на Владата на Република Македонија беше донесен Закон за регистрирање на подземни и надземни инфраструктурни објекти и придружни инсталации, меѓутоа со истиот не е уредена надлежност за запишување право на сопственост на овие објекти што се покажа како несоодветно законско решение.

Агенцијата за катастар на недвижности изврши скенирање на состојбата на терен, со цел да се утврди постоењето на просторните податоци и градежно-техничката документација за овие објекти.

Од извршеното скенирање се увиде дека не постои градежно-техничка документација за најголемиот дел од подземните инфраструктурни објекти изградени пред 2005 година.

Оваа констатација се однесува, пред сѐ, на водоводната мрежа, но тоа може да се констатира и за канализациската мрежа што се стопанисува од јавните претпријатија формирани од единиците на локалната самоуправа.

Состојбата со податоците за електричните, телекомуникациските, топлификациските и гасоводните подземни инфраструктурни објекти е во голема мера подобра, иако и за нив ќе бидат потребни доработки. Овие објекти се стопанисуваат од претпријатија во целосна или делумна приватна сопственост.

Генерално, сите институции кои стопанисуваат со подземните инфраструктурни објекти го одобруваат изготвувањето на Законот за линиски инфраструктурни градби и ќе соработуваат во формирањето на подземниот катастар.

Интересот кај приватните претпријатија за добивање имотен лист за подземните инфраструктурни објекти е поголем, додека јавните претпријатија формирани од единиците на локалната самоуправа не пројавуваат интерес.

Со цел изготвување правна рамка со која ќе се уреди материјата од областа на инфраструктурните градби, Агенцијата ги превзема следните активности:

1. Анализа/скенирање на моменталната состојба поврзана со инфраструктурните градби, како и на правата кои согласно со постојните законски прописи се запишуваат на земјиштето на кое се наоѓаат овие објекти.
2. Примери од добрите практики од оваа област во другите земји, главно од Западна Европа и други балкански земји како, на пример, Словенија.
3. Студиски патување во Холандија , Литванија, Словенија со цел да се добие јасна претстава за начинот како технички и правно е уредена материјата од оваа област, со детален увид во 3Д катастарот и управувањето со јавните комунални инсталации во катастарските агенции на овие земји.
4. Активности за да се осигурува квалитетот на катастарот на инфраструктурните градби и да се постигнат очекуваните резултати во рамките на временскиот распоред.
5. Организација на голем број работилници и состаноци со најголемите можни сопственици на подземни водови.
6. Изготвена е физибилити-студија за воспоставување катастар на инфраструктурните градби.
7. Иготвена е техничка спецификација за надградба на еКат системот за да се овозможи регистраија на Инфраструктурни објекти и издавање на соодветен документ за сопственоста или евиденцијата.

Владата на Република Македонија по разгледување на точката 8 донесе заклучок под реден број 2 со кој ја задолжува Агенцијата за катастар на недвижности во соработка

со Министерство за правда до 31.01.2013 година, да подготви и до Владата да достави нов закон за катастар во кој е планирано и вградување на одреби од делот на подземните инфраструктурни градби .

Со овој закон ќе се овозможи поголема прегледност на податоците за овие објекти, планирање на просторот за инфраструктура и уредување на односите со сопствениците (корисниците) на земјиштето, олеснување на постапката за добивање одобрение за градење и овозможување поефикасна реализација на идните инвестиции што ќе придонесе за развивање на пазарот на хипотеки.

## I.15 Сектор за внатрешна контрола

